Center for Legal and Political Research, Faculty of Law,

Goce Delcev University in Shtip, Republic of Macedonia

FIRST INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

**ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ**

**SOCIAL CHANGE IN THE GLOBAL WORLD**

**СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

# PROCEEDINGS

**Shtip, 2014**

First International Scientific Conference: SOCIAL CHANGE IN THE GLOBAL WORLD © 2014 Copyright Goce Delcev University-Shtip, Republic of Macedonia. Address: Goce Delcev University - Shtip, Faculty of Law, ul. Krste Musirkov bb, PO box 201, 2000, Shtip, R. Macedonia. www.ugd.edu.mk; www.clprmk.org.

**Печати / Print** **2- ri Avgust- Shtip**

**Графичка подготовка – Центар за Правно- политички истражувања**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.42(100)(062)

INTERNATIONAL scientific conference (1 ; 2014 ; Shtip)
Општествените промени во глобалниот свет = Social change in the global world = СоциалЪные изменения в глобалЪном мире : зборник на трудови = proceedings / First international scientific conference. - Shtip : Goce Delcev University, 2014. - 1172 стр. ; 24 см

Трудови на повеќе јазици. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-129-0

а) Општествени промени - Свет - Собири
COBISS.MK-ID 97561098

## Table of Contents

**Поздравно обраќање на Академик Владо Камбовски, Претседател на Македонската академија на науките и уметностите** ..... 11

**LAW** ..... **15**

ТЕХНИЧКИ СОВЕТНИЦИ, НОВО РЕШЕНИЕ ИЛИ КОЗМЕТИЧКА ИЗМЕНА НА ВЕШТАЧЕЊЕТО ВО МАКЕДОНСКИОТ ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА
**Никола Мицковски** ..... 17

РЕВИЗИЈА: СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ НА ДОЗВОЛЕНОСТ НА РЕВИЗИЈА, ПРИЧИНИ ЗА РЕВИЗИЈА И ПОСТАПКА ПО РЕВИЗИЈА ПРОТИВ ПРЕСУДА
**Војо Беловски** ..... 33

ПОСТАПКИ ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Светлана Вељановска, Арсе Петрески** ..... 53

THE CONSTITUTIONAL AND INSTITUTIONAL PROTECTION AGAINST DISCRIMINATION IN BOSNIA AND HERZEGOVINA IN THE POST-DAYTON ERA
**Davor Trlin** ..... 67

О ПРАВЕ НА ГРАЖДАНСТВО В РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ: НЕКОТОРЫЕ ПРОБЛЕМЫ РЕАЛИЗАЦИИ
**Вера Бабурина** ..... 81

ПРИМЕНА МЕЂУНАРОДНИХ СТАНДАРДА О СУЂЕЊУ У ОДСУСТВУ ОКРИВЉЕНОГ
**Саша Кнежевић, Иван Илић** ..... 95

THE PHENOMENON OF MULTIPLE DISCRIMINATION AND ITS PROTECTION UNDER THE ANTI-DISCRIMINATION LEGISLATION
**Zaneta Poposka** ..... 113

ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
**Јелена Ристиќ** ........ 127

ТОВАРЕН ЛИСТ – КОНОСМАН ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ПРЕВОЗ НА СТОКА ПО ВОДЕН ПАТ
**Саша Дукоски** ........ 143

THE PIERCING OF THE CORPORATE VEIL DOCTRINE: A COMPARATIVE APPROACH TO THE PIERCING OF THE CORPORATE VEIL IN EUROPEAN UNION AND MACEDONIA
**Borka Tushevska** ........ 163

БЕНЕФЕЦИИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ДИСЦИПЛИНА ВРЗ ЛИКВИДНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА
**Александар Костадиновски, Марија Стевковиќ** ........ 189

СОВРЕМЕНИ ИСТРАЖНИ МЕТОДИ НА ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ СО ОСВРТ НА НИВНАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКАТА ЛЕГИСЛАТИВА
**Елена Иванова, Нада Донева** ........ 203

КОРПОРАТИВЕН КРИМИНАЛ
**Васко Стамевски, Елизабета Стамевска** ........ 245

ДЕЦЕНИИТЕ НА КАЗНЕНО-ПРАВНИТЕ РЕФОРМИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА:ПРЕВЕНЦИЈА И РЕПРЕСИЈА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ И ПРАВНАТА СИГУРНОСТ
**Татјана Велкова** ........ 263

ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА НОВАТА КРИВИЧНА ПОСТАПКА ПРОТИВ ДЕЦА
**Гордана Бужаровска Лажетиќ, Олга Кошевалиска, Лазар Нанев** ........ 277

SOME ASPECTS OF EMPLOYEES INFORMING AND CONSULTING IN ACCORDANCE WITH THE LABOR LAW AND LAW ONSAFETY AND HEALTHAT WORK
**Marko Andonov, Zoran Mihajloski, Kristina Misheva, Ljupcho Petkukjeski** ........ 295

РАСПРАВА О КРУГУ СУБЈЕКАТА КОЈИМА СЕ ПРИЗНАЈЕ ПРАВО НА НУЖНИ ДЕО
**Новак Крстић** ........ 311

RIGHT FOR HEALTH PROTECTION OF THE CITIZENS OF THE REPUBLIC OF CROATIA IN OTHER EU MEMBER STATES
**Anton Petricevic, Darko Kucan** .............................................................. 333

THE IMPACT OF CERTAIN RULES OF ROMAN PUBLIC LAW (LUS PUBLICUM) ON THE CONTEMPORARY LAW
**Marija Ignjatovič** ........................................................................ 357

ПРАВНА РАМКА НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ ВО Р. МАКЕДОНИЈА
**Марија Амповска** .......................................................................... 369

**POLITICS** ..........................................................................**387**

POLITICAL GEOGRAPHY GEOPOLITICAL STRATEGIST, IN THE CONTEXT OF CONTEMPORARY DEVELOPMENT OF THE REPUBLIC OF BULGARIA
**Tihomir Licev** ............................................................................ 389

РОЛЬ ОБЩЕНАЦИОНАЛЬНОЙ (ГОСУДАРСТВЕННОЙ) ИДЕОЛОГИИ УСТОЙЧИВОГО РАЗВИТИЯ В СОВРЕМЕННОМ МИРЕ
**Наталия Бутусова** ......................................................................... 401

POLITICAL AND ECONOMIC EFFECTS OF THE NEW REGIONALISM: PRESENTED THROUGH THE EUROPEAN UNION
**Elena Tilovska-Kecedzi, Elizabeta Tosheva** ............................................ 419

ВРЕДНОСТИТЕ И ПРИНЦИПИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НАСПРОТИ НОВИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ ЗАКАНИ: СЛУЧАЈОТ СО УКРАИНА
**Ана Никодиновска Крстевска** ............................................................ 435

ОБ ИЗМЕРЕНИИ ОБЩЕСТВЕННОЙ ОПАСНОСТИ
**Ольга Хорошилова** ......................................................................... 445

GROUPS' RESORT TO ARMS IN NEGOTIATING SPACE IN NIGERIA: THE CENTRAL NIGERIA EXCEPTION
**Adoyi Onoja** ............................................................................... 453

ГЛОБАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ И СТРАТЕГИЈАТА НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА ДРЖАВИТЕ
**Татјана Гергинова** ......................................................................... 481

THE EU POLICY OF SAP TOWARD THE WESTERN BALKANS:ELEMENTS OF REGIONAL APPROACH
**Melina Grizo** ........ 501

CONTROL AND RESPONSIBILITY OF ADMINISTRATION ACCORDING TO THE POSITIVE LEGISLATION OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA
**Jusuf Zejneli, Faton Shabani** ........ 519

ПРИНЦИП НА СЕРВИСНА ОРИЕНТАЦИЈА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА
**Дејан Витански** ........ 533

MECHANISMS OF EXTERNAL CONTROL OF THE POLICE AND THE MOST EFFECTIVE MODEL FOR REPUBLIC OF MACEDONIA
**Avziu Kebir** ........ 553

ПОТРЕБАТА ОД ЕДИНСТВЕН СИСТЕМ ЗА ЦИВИЛНА ЗАШТИТА ВО МАКЕДОНИЈА
**Драган Веселинов** ........ 581

КВАЛИТЕТНО РЕГРУТИРАЊЕ НА КАДРИТЕ КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА УСПЕШНО РАБОТЕЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ
**Слаџана Стефанова, Трајко Мицески** ........ 593

STRATEGIC MANAGEMENT AND ITS IMPLEMENTATION IN HUMAN RESOURCES IN THE PUBLIC SECTOR IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA
**Sejdi Xhemaili, Shkumbim Shabani** ........ 617

ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ ИЗБОРЕН МОДЕЛ КАКО ПРЕТПОСТАВКА ЗА ПОУСПЕШНО КОНСОЦИЈАТИВНО СПОДЕЛУВАЊЕ НА ВЛАСТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Никола Амбарков** ........ 627

СОВЕТ ПО ПРАВАМ ЧЕЛОВЕКАОРГАНИЗАЦИИ ОБЪЕДИНЕННЫХ НАЦИЙ
**Юлия Владимировна Самович** ........ 645

МОДЕЛИ НА ГЛАСАЧКО ОДНЕСУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Душко Петров** ........ 663

ДИСКРИМИНАЦИЈАТА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА МИГРАНТИТЕ И НА ГРАЃАНИТЕ ОД НОВИТЕ ЕУ ЗЕМЈИ-ЧЛЕНКИ
**Наташа Постоловска** ........ 675

КОНЦЕПТИ И ТЕХНИКИ НА УБЕДУВАЊЕ И МАНИПУЛАЦИЈА ВО ТЕКОТ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА
**Јован Ананиев** ........................................................................ 697

COMPARATIVE VIEW OF THE CONDITIONS AND PROCEDURES FOR THE APPOINTMENT OF AMBASSADOR
**Dejan Marolov** ........................................................................ 715

**SOCIETY** ........................................................................ **723**

МИГРАЦИЈАТА ФЕНОМЕН НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА
**Росе Смилески, Љупчо Шошоловски** ........................................ 725

ОДНОСОТ ПОМЕЃУ ИНДИВИДУАЛНИОТ И КОЛЕКТИВНИОТ ИДЕНТИТЕТ НА МЛАДИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА
**Елеонора Серафимовска, Маријана Марковиќ** ............................ 741

WESTERN MUSIC FOR BANAL NATION: RE-ERECTING AVALA TV TOWER AND REMODELLING THE SERBIAN NATIONAL SOUNDSCAPE
**Srđan Atanasovski** ........................................................................ 765

RELIGION AND CULTURE IN THE GLOBAL WORLD: FROM CLASSICAL TO CONTEMPORARY SOCIOLOGICAL THEORIES OF MODERNITY, MODERNIZATION AND DEVELOPMENT
**Ranka Jeknić** ........................................................................ 777

СТРУКТУРАТА НА РАБОТОСПОСОБНОТО НАСЕЛЕНИЕ И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ НА ДЕЛУВАЊЕТО НА ХИСТЕРЕЗА КОНЦЕПТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Александра Лозаноска** ........................................................................ 807

РЕДЕФИНИРАЊЕ НА СЕМЕЈНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО САД: *ПРОГРЕСИВНА* АНАТЕМА СО РЕГРЕСИВНА ЕРОЗИЈА
**Марија Емилија Кукубајска** ........................................................ 829

ОДНОСОТ НА РЕЛИГИЈАТА И ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ВО СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ
**Даниела Коцева, Владо Петровски** ................................................ 841

RELIGIOUS DIALOGE AND "GLOBALIZATION OF UNDERSTANDING" IN R. MACEDONIA AND BALKAN REGION
**Zoran Matevski** ........................................................................ 849

СЕМЕЈСТВОТО И СЕМЕЈНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ
**Крсте Илиев, Наталија Попзариева** ................................................ 861

WEBER'S MODELS OF BUREAUCRACY IN THE AGE OF GLOBALIZATION
**Strashko Stojanovski, Jadranka Denkova, Petar Trajkov** ................. 873

**ECONOMY** ........................................................................ **883**

THE WATERS IN THE COUNTRY AS A SPECIFIC BUSINESS ECOSYSTEM
**Dragan Jovanov, Aleksandar Dejanovski** ........................................... 885

НАЦИОНАЛНИТЕ СМЕТКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – МЕТОДОЛОГИЈА, АНАЛИЗА И ТРЕНДОВИ
**Ѓорѓи Гоцков** .............................................................................. 893

ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА, ГЛОБАЛНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ И ФЕНОМЕНОТ НА СИРОМАШТИЈА
**Ирена Андрееска** ........................................................................ 911

THE IMPORTANCE OF ECONOMIC DIPLOMACY FOR A SMALL OPEN ECONOMY – THE CASE OF SLOVENIA
**Dejan Romih, Jurij Pridigar** ........................................................... 919

РОССИЙСКАЯ ПРОМЫШЛЕНОСТЬ В УСЛОВИЯХ ВТО
**Валерий Валентинович Копейн, Елена Анатольевна Филимонова, Андрей Валентинович Копейн** ........................................................... 933

ДЕТЕРМИНАНТИ НА ПРИДОНЕСОТ НА ТУРИЗМОТ ВО ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ НА МАКЕДОНИЈА
**Билјана Петревска** ...................................................................... 941

ПОТРЕБА ОД ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ВАЛИДАЦИЈА НА ОРГАНИЗАЦИСКОТО ПРЕТПРИМНИЧКО ДЕЛУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ
**Mimoza Serafimova, Snezana Bardarova** ............................................ 955

ПРЕТПРИЕМНИЧКА ИНИЦИЈАТИВА, ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И МАЛИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Марија Магдинчева-Шопова, Неда Петросла-Ангеловска, Марија Ацковска** ...................................................................................... 969

FINANCIAL CRISIS IN SWEDEN AND CROATIA IN PERSPECTIVE OF EMU – THE BANKING UNION
**Ivana Bajakić, Ozren Pilipović, Nenad Rančić** .................................... 983

РЕЈТИНГ СИСТЕМИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА УПРАВУВАЊЕ СО КРЕДИТНИОТ РИЗИК ВО БАНКИТЕ
**Марија Сребренова Трендова** ........ 1017

FINANCE SYSTEM LOCAL GOVERNMENTS
**Marijana Ljubić, Stevica Deđanski** ........ 1041

ВЛИЈАНИЕТО НА МЕРКИТЕ НА ФИСКАЛНАТА ПОЛИТИКА ВРЗ ВРАБОТЕНОСТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Елизабета Џамбаска** ........ 1051

РЕФОРМАТА НА ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ ВО ГЛОБАЛНИ РАМКИ (ОПШТИ ТРЕНДОВИ И ПРАВЦИ)
**Илија Груевски, Стеван Габер** ........ 1075

**MEDIA AND COMUNICATION ........ 1103**

PEOPLE AS OBJECT AND SUBJECT OF ALBANIAN MEDIA: THE CORELATION AND OSMESES IN THE EDUCATION PROCESS IN DEMOCRATIC SOCIETY
**Laura Furxhi** ........ 1105

МЕДИАТИЗАЦИЯ НАУКИ: АЛЬТЕРНАТИВНАЯ НАУКОМЕТРИЯ И ВОЗМОЖНЫЕ СОЦИАЛЬНЫЕ ПОСЛЕДСТВИЯ ЕЁ РАСПРОСТРАНЕНИЯ
**Марина Загидуллина** ........ 1113

ПОТЕНЦИЈАЛОТНА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИЗА ПРОМОЦИЈА НА ИНФОРМАТИВНИТЕ ПОРТАЛИ
**Тања Крстева** ........ 1127

ТЕОРЕТСКИ АСПЕКТИ НА КОМУНИКАЦИЈАТА КАКО ПРОЦЕС ЗА РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ
**Сузана Џамтоска–Здравковска, Андон Мајхошев** ........ 1141

**EDUCATION ........ 1159**

КОНТИНУИРАН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА
**Даниел Павловски** ........ 1161

343.91-053.6

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА НОВАТА КРИВИЧНА ПОСТАПКА ПРОТИВ ДЕЦА

**Редовен проф. д-р Гордана Бужаровска Лажетиќ, Правен Факултет „Јустинијан I“ Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје,**

**e-mail:** gordana2206@gmail.com

**Доцент д-р Олга Кошевалиска, Правен факултет, Универзитет Гоце Делчев, Штип,**

**e-mail:** olga.gurkova@ugd.edu.mk

**Вон. проф. д-р Лазар Нанев, Правен Факултет, Универзитет Гоце Делчев Штип,**

**e-mail:** lazar.nanev@ugd.edu.mk

**АПСТРАКТ**

Успехот во борбата против детското престапништво во голема мера зависи од адекватниот пристап на надлежните институции во постапката против деца. Правилниот модел на борба против овој глобален проблем овозможува не само соодветна реакција на надлежните органи туку и превенирање на кривични дела каде како сторители се јавуваат децата. Новите приоди во постапувањето подразбираат канализирање на реакцијата на надлежните органи кон причините што довеле до стореното. Оттука, самата цел на кривичната постапка против децата е нивно превоспитување и елиминирање на причините кои го навеле детето во престапништво а не само едноставно казнување за стореното зло. Ваквиот современ приод е врамен во одредбите на Законот за правда за децата кои ја содржат општествената реакција во случаите кога дете ќе стори дејствие кое што со закон е предвидено како кривично дело. Доминантно место на воспитните мерки и интервенциите наместо казнувањето и лишувањето од слобода со сместување во установи се една од основните цели на Законот за правда за децата, кој што на извесен начин го осовремени и замени претходното релевантно законодавство. Основа цел на ваквиот приод е да се одбегне загрозувањето на правилниот раст и развиток на младите лица во транзитниот период од малолетни во полнолетни личности. Токму ова комплетно ревидирање на кривичното законодавство и новата положба на детето во казнено

правниот систем е главниот предмет на истражување на овој труд. Оттука, овој труд има за цел да ја анализира самата постапка против дете кое сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело, компаративно да ја споредиме со претходните одредби од Законот за малолетничка правда за да конечно укажеме на предностите кои што ги дава новата легислатива, за да конечно укажеме и на идните предизвици кои ги носат новите одредби за надлежните органи кои треба да постапуваат по нив.

***Клучни зборови:*** *дете, кривична постапка, детско престапништво, закон.*

## CHALLENGES OF THE NEW CRIMINAL PROCEDURE AGAINST CHILDREN

### ABSTRACT
The success in the fight against juvenile delinquency depends of the adequate approach of the competent authorities in the procedure against children. The right model for suspending this global problem will contribute not only for competent reaction of the authorities of the procedure, but also for the prevention of crimes committed by children. The new approaches in the criminal procedure against children provide directing of the reaction of the competent authorities to the motives of the crime. Hence, the purpose of the criminal procedure against children is to reeducate children and to eliminate the reasons that led the child to delinquency instead of simply punishing them for the crime that they have committed. This contemporary approach to juvenile delinquency is integrated into the provisions of the new Law for justice for children. The provisions of the Law for Justice for children regulate the social reaction in cases where the offender of the crime is a child. Dominancy in the types of penalties in this Law is given to the educational measures and to the interventions instead to punishments and imprisonment in facilities for children. The main goal of the new legislation is to

avoid the jeopardizing of the proper growth and development of children in the transitional period of minors in adults as well as to enhance and improve the previous legislation. In this manner, the purpose of this research paper is to analyze the full revision of the relevant criminal law against children and the new position of the child in the criminal justice system. Hence, this paper aims not only to analyze the procedure against children who have committed an act that by law is provided as a crime but also to give comparative remarks with to previous legislative so we can finally point out the advantages provided with the new legislation and the future challenges that arise from the new provisions and the competent authorities that should fulfill the new requirements.

*Key words: child, criminal procedure, juvenile delinquency, law.*

## Вовед

Успехот во борбата против детското престапништво во голема мера зависи од адекватниот пристап на општеството кон оваа особено осетлива проблематика. Со други зборови правилниот модел на борба против овој глобален проблем овозможува не само соодветна реакција на надлежните органи туку и превенирање на кривични дела каде како сторители се јавуваат децата. Новите приоди во постапувањето подразбираат канализирање на реакцијата на надлежните органи кон причините што довеле до стореното. Оттука, самата цел на кривичната постапка против децата е нивно превоспитување и елиминирање на причините кои го навеле детето во престапништво а не само едноставно казнување за стореното зло. Ваквиот современ приод е врамен во одредбите на Законот за правда за децата кои ја содржат општествената реакција во случаите кога дете ќе стори дејствие кое што со закон е предвидено како кривично дело. Доминантно место на воспитните мерки и интервенциите наместо казнувањето и лишувањето од слобода со сместување во установи се една од основните цели на Законот за правда за децата, кој што на извесен начин го осовремени и замени претходното релевантно законодавство.

Основа цел на ваквиот приод е да се одбегне загрозувањето на правилниот раст и развиток на младите лица во транзитниот период од малолетни во полнолетни личности. Токму ова, повторно, комплетно

ревидирање на кривичното законодавство и новата положба на детето во казнено правниот систем е главниот предмет на истражување на овој труд. Ваквиот приод во законското регулирање е поттикнат од меѓународните документи кои укажуваат на потребата од издвојување на постапувањето кон децата во посебен систем од материјални, процесни и извршни казнено правни норми. Глобалните трендови во казнената политика свој одраз имаа и на полето на детското престапништво, кое е во сферата на непосреден и постојан интерес на криминолозите и теоретичарите од казнено правната област. Првите настојуваат да ги дефинираат методите за постапување и спречување на натамошно делинквентно однесување, а вторите легислативно да ги врамат решенијата кои ја содржат општествената реакција по повод стореното, при што заедничката крајна цел им е намалување на детското престапништво и надминување на проблемите со повторот.[1]

Кодификацијата на материјално и процесно казнено законодавство во еден закон во кој покрај регулирањето на казнениот систем и казнената постапка спрема деца се опфатени и категориите деца во ризик, заштитата на децата како жртви на кривични дела и превенцијата на детското престапништво значи осовременување и следење на новите трендови во теоријата и практиката за положбата на децата во системот на правда за децата. Прва кодификација на посебно малолетничко законодавство беше направена со Законот за малолетничка правда. Со овој закон за прв пат во македонското кривично законодавство се оформи посебен правен извор кој ја содржи сета правна регулатива врзана за малолетниците.[2] Како што веќе напомнавме, со цел осовременување на правдата за децата, законодавецот одлучи одново да го кодифицира малолетничкото законодавство и од тие причини е донесен новиот Закон за правда за децата. Ова е особен *предизвик*, со оглед на фактот дека во стручната јавност, постојат полемики дали донесувањето на комплетно нов закон е поправилно решение од дополнување и измена на стариот закон. Донесувањето на нов закон, очигледно е единствено решение, тргнувајќи од поставката дека во случај да се пристапеше на измена на Законот за малолетничка правда, тогаш и самиот наслов на овој закон нужно ќе мораше да претрпи радикална промена од причина што

[1] Камбовски, В. (2006): Казнено право, општ дел, Академик, стр.443;

[2] Во Законот за малолетничка правда се користеше терминот малолетници;

терминот малолетник веќе се напушта и се користи исклучиво терминот дете, а фразата малолетничка правда е преименувана во правда за децата. Оттука, како попрактично решение се наметна и прифати целосна реформа на законот. Низ целиот законски текст на новиот закон, може да се забележи фокусот врз примарниот интерес за заштита, воспитување, превоспитување и правилен развој на децата. Но ваквото осовременување на законот воедно носи и предизвици кои што го отежнуваат патот кон задоволување на правдата. Потребата од оваа нова кодификација ја вбројуваме како *предизвик број 1* на малолетничкиот казнен систем. Сепак на мислење сме дека правдата за децата е материја во која ќе се интервенира што помалку, затоа што правната сигурност за децата треба да е свето правило за законодавецот. Честите измени во законодавството, а посебно честите целосни измени во законодавството, одат во прилог на осовременувањето и поконцизно уредување, но во заднина и пркосат на правната сигурност.

Како *предизвик број 2* го рангираме основниот елемент кој служи за разграничување на детското престапништво од останатиот вид на криминалитет, а тоа е возраста на сторителот на кривичното дело. *Одредувањето на границата на способноста за казнена одговорност* кога е во прашање дете отсекогаш во кривично - правната теорија и пракса предизвикува голем интерес бидејќи ова прашање се уште покренува многубројни дилеми и се држи како постојано актуелно. Проблемот се изразува преку прашањето: која е таа возраст во која малолетното лице може да се смета за способно да го сфати значењето на своето казнено дело и да управува со своите постапки како основа за негово повикување на одговорност и примена на кривични санкции.[3] Во Законот за правда за децата овој предизвик е решен со одредбата согласно која спрема дете кое во време на извршување на дејствието, кое со закон е предвидено како кривично дело или прекршок, не наполнило 14 години, не може да се примени санкција утврдена со овој закон.[4] Казнената одговорност на детето не е цел сама на себе. Нејзиното утврдување треба да ја изрази одговорноста за стореното казнено дело, одговор на способноста лицето да ја поднесе казнената санкција и второ

---

[3] Кошевалиска, О. (2013): Малолетничкиот казнен систем во контекст на теоретските амбиции на медијацијата, Зборник на трудови во чест на Марјан Марјановски, Правен Факултет Јустинијан I, УКИМ, Скопје;

[4] Член 20 од ЗПД;

да се одреди видот на санкцијата што ќе одговара на тежината на злото што е нанесено со казненото дело но и личноста на деликвентот.

Нареден *предизвик, број 3*, е *дефинирањето на поимот „дете"* кое од самиот закон се согледува како особено тешка задача. Претходната не униормираност на терминологијата со останатите гранки од правото, кога во паралелна употреба беа и термините *малолетник* и *дете*, доведе до целосната терминолошка рокада, елиминирајќи го поимот *малолетник* и имплементирајќи го терминот *дете* во различни варијанти зависно од возраста и тежината на стореното кривично дело. Во таа смисла во членот 19 се дадени прегледни категории на поимот дете кои јасно се разликуваат соодветната возраст.[5] Согласно овој член децата се рангирани во групи според возраста и тежината на кривичното дело и тоа како: дете, дете во ризик, дете во ризик до 14 години, дете во ризик од 14 до 18 години, дете во судир со закон од 14 до 16 години, дете во судир со закон над 16 години, дете жртва е секое дете на возраст до 18 години и помладо полнолетно лице. Ваквата поделба е особен предизвик од една страна а од друга страна, му дава смисла и значење на системот на санкции кои можат да се изречат на децата на кривични дела, затоа што овозможува за сите нив во согласност со степенот на развој и способности, судот да има можности да избере и примени санкција преку која ќе се оствари нејзината цел. Но, на мислење сме дека овде е нужна една измена а тоа е категоријата *дете во ризик од 14 до 18 години* да биде преформулирана и поделена на две групи а тоа се: *дете во ризик од 14 до 16 и дете во ризик од 16 до 18 години* што се наметнува од потребата за индивидуализација на казната кога станува збор за дете сторител на полесно кривично дело.[6]

*Предизвикот број 4* е во *системот на санкции* кои се предвидени во самиот закон, и тоа не само во однос на видовите на санкции туку во умешноста на судијата, како специјализиран судија за деца, да ја одреди и одмери најсоодветната санкција која што одговара на детето сторител. Сметаме дека судот секогаш мора да го има во предвид фактот дека казните не влијаат директно на отстранување на криминогените фактори

[5] За проблематиката околу соодветната терминологија во ЗПД види повеќе во: Koshevaliska, O., Nanev, L. (2014): Adequacy of the new terminology in the Law for justice for children, BSSR, Vol 3;

[6] За потребите од ова види поопширно во Koshevaliska, O., Nanev, L. (2014): Adequacy of the new terminology in the Law for justice for children, BSSR, Vol 3;

што го условиле криминалното поведение. Од тие причини во ЗПД е наведено дека мерките на помош и заштита, се од најдобар интерес за детето и неговото воспитување и развој. Во таа смисла, ЗПД предвидува дека на децата можат да им се изречат следниве санкции:

*На дете од 14 до 16 годишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело можат да му се изречат само воспитни мерки.*

*На дете од 16 до 18 годишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело можат да му се изречат воспитни мерки, а по исклучок може да му се изрече казна или алтернативна мерка.*

*Дете од 16 до 18 годишна возраст може да биде ослободено од казна под општите услови определени со Кривичниот законик.*

*На дете за дејствие кое со закон е предвидено како прекршок може да му се изречат прекршочни санкции определени со овој закон.*

*На дете му се изрекуваат мерки на безбедност под условите определени со Кривичниот законик и со овој закон.*

*Конфискација на имот и имотна корист и предмети прибавени со дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци на деца се врши согласно со општите услови утврдени во Кривичниот законик.*[7]

При одлучувањето за примена на мерките и санкциите утврдени со овој закон, секогаш треба да им се дава предност на превентивните, заштитните и воспитните мерки. Мерката или санкцијата што му се изрекува на дете над 14 години треба да одговара на неговата личност, тежината на дејствието што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок и неговите последици, потребата од негово воспитување, превоспитување, образование и развој, заради обезбедување и заштита на интересот што е најповолен за детето.[8]

Со оглед на искуството кое што го имаа правосудните органи како и другите органи кои се надлежни во постапката против деца, се утврди дека многу повеќе внимание треба да се посвети на *превенцијата на детското престапништво* отколку на што по стореното кривично дело. Ова е и *предизвикот број 5* на самата постапка против деца а тоа е изнаоѓање на начини за превенирање на детското престапништво преку елиминирање на сите ризик фактори кои се јавуваат како причина за

[7] Член 34 од ЗПД;

[8] Член 15 и 15 од ЗПД;

оддавањето на детето во престапништво наместо демонстрирањето на репресијата спрема деца на високо ниво и изразување на ретрибутивниот карактер на малолетничкото казнено право. Иако и досегашниот закон, најмногу внимание посветуваше на превенцијата, во пракса бројката на детско престапништво не покажа подобрување. Останува да видиме како ќе се рефлектира работата на локалните совети за превенција на детско престапништво, по нивното конечно формирање, во вистинско превенирање на детското престапништво.

*Предизвикот број 6* во постапката се однесува на *начелата во истата*. Овој пат законодавецот сакајќи директно да пристапи кон децидно набројување на истите во почетокот на самиот законски текст, тоа го направил доста неуспешно, препуштајќи, некои од стожерните начела само да „наѕираат“ на површина. Номотехнички, ова поглавје од законот не е доработено, бидејки не сите начела се сместени во истото туку можат да се *препознаат* низ текстот, особено во делот кој се однесува за постапката. Но затоа пак, одредени нови начела сега се и изречито одредени во самиот законски текст. Сепак, постојат сериозни забелешки во однос на нивниот правилен распоред во самиот законски текст и недореченоста во однос на суштествени начела како начелото на презумпција на невиност и сл. Во законот се предвидени следниве начела (директно или индиректно): Начело на законитост, Начело на вина и презумпција на невиност, Начело на непосредност, Начело на контрадикторност, Начело на усност, Начело на официјалност, Начело на опортунитет на кривичното гонење, Судска контрола на поведување кривична постапка спрема дете, Начело на акузаторност и начело на легалитет и отстапки од истите, Начело на забрана на дискриминација, Начело на забрана на тортура, сурово и нечовечко однесување, Начело на специјализираност на надлежните органи во постапката, Начелото на процесна протективност во однос на децата и начело на претпазливо постапување со децата, Начелото на итност, Начело на тајност или начело голема процесна дискреција, Начело на забрана на судење во отсуство на дете.

*Предизвик број 7 е имплементирање на компетентните законски измени од новиот ЗКП во ЗПД.* Имено, судската постапка против деца нужно претпри промени кои беа имплицирани од промената на ЗКП и новите надлежности на Јавниот обвинител. Ова е затоа што во постапката спрема дете за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок, доколку со ЗПД поинаку не е определено,

соодветно се применуваат одредбите од Законот за кривичната постапка и Законот за прекршоците.[9] Новата улога на Јавниот обвинител во кривичната постапка против полнолетни, неминовно изврши прераспределба на надлежноста на Јавниот обвинител и во постапката против деца. Во таа смисла, е и надлежноста на Јавниот обвинител да се спогоди за вината и висината на казната со детето сторител на кривично дело. Особен *предизвик* е имплементирањето на законските одредби со кои се отвора можноста Јавниот обвинител во постапката против деца да се спогоди преку институтот *за признавање одговорност и спогодување за висината на казната.* Прифаќањето на оваа постапка е резултат на пробивот на англосаксонските институти кои стануваат реалност во законодавството и правосудната практика во многу држави во кои мешовитата казнена постапка се судира со обвинувања за бавност, нагласен формализам, нефлексибилност и, како резултат на сето ова, неефикасност.[10] Ефикасната казнена правда е предуслов за владеење на правото, а тоа во дел може да се обезбеди преку постапки кои овозможуваат депенализација, алтернативни облици на кривичното гонење и поедноставување на казнената постапка. Дополнителна причина за воведување на овие нови модели за забрзување на казнената постапка се препораките на Советот на Европа за поедноставување на казнената правда,[11] како и позитивните искуства на повеќе европски држави кои го имаат прифатено институтот на спогодување за висината на казната.[12] Во смисла на горенаведеното, кога се исполнети условите за казнување на дете во ризик над 14 години,[13] јавниот обвинител може,

[9] Член 86 од ЗПД;

[10] Бужаровска, Г.(2011): Овластувањата на центрите за социјална работа и на јавниот обвинител во малолетничката правда, UDK 316.346.3-053.6 Pregledni znanstveni rad, Zbornik PFZ, 61, (2) 441-468 (2011), стр. 465;

[11] Recommendation No. R (87) 18 concerning the simplification of criminal justice;

[12] Бужаровска, Г., Мисоски, Б. (2009): Спогодување и медијација, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 2/2009, стр. 215-261.

[13] ЗПД предвидува дека може да се казни дете кривично одговорно над 16 годишна возраст само ако поради тешките последици од стореното дело и високиот степен на кривичната одговорност не би било оправдано да се изрече воспитна мерка. Под условите определени со овој закон, на детето над 16 годишна возраст можат да му се изречат следниве казни: затвор за деца, парична казна, забрана на управување со моторно возило од определен вид или категорија и протерување на странец од земјата, чл.50 од ЗПД;

пред да поднесе барање за поведување на подготвителна постапка, да му предложи на детето, неговиот бранител, родителите/или/от, односно старателите/или/от да се спроведе посебна постапка за признавање на одговорноста и спогодување за висината на казната. Таков предлог јавниот обвинител може да поднесе во случаите кога:

А) располага со докази кои недвосмислено укажуваат дека детето е сторител на кривичното дело,

Б) дека е одговорен за стореното дело и

В) дека се исполнети условите за изрекување на казна.

Во постапката за спогодување јавниот обвинител ќе ги прибере од центарот сите потребни извештаи и други документи за личноста на детето и ќе обезбеди согласност од оштетениот. Ако со предлогот е согласен оштетениот, јавниот обвинител ги повикува на јавно спогодување детето, неговиот законски застапник, бранителот, центарот и оштетениот. Ако на спогодувањето се постигне согласност, се составува спогодба која ја потпишуваат сите присутни учесници. Јавниот обвинител ја доставува спогодбата до советот на деца кој може да ја прифати спогодбата и да донесе пресуда со која ќе ја изрече предложената санкција, против која не е дозволена жалба. Ако судот не ја прифати спогодбата го враќа предметот на јавниот обвинител кој е должен да поднесе барање за поведување на подготвителна постапка. Во текот на судската постапка, судските списи и изјавите на детето и неговиот бранител дадени во постапката за спогодување не смеат да се користат како доказ и ќе бидат издвоени од судската постапка. Јавниот обвинител не смее да се повикува на податоците и изјавите дадени во постапката за спогодување. На мислење сме, дека овие одредби се повеќе од нужност, посебно во случаите кога нашето малолетничко законодавство се ориентира кон т.н. ресторативна правда.

*Предизвик број 8 е специјализираноста на судот, јавниот обвинител, одбраната и овластените лица од МВР.* Во постапката против деца надлежни се основните судови со проширена надлженост на чија територија е сторено или обидено кривичното дело. Главна разлика помеѓу судовите кои што судат во кривичната постапка против полнолетни лица и против деца е нивната специјализираност. Имено, законот бара задолжителна специјализираност на судот односно на судиите во постапката против деца, која што специјализираност се остварува преку специјалните обуки на судијата за деца, јавниот обвинител, адвокатот и овластените службени лица од Министерството

за внатрешни работи најмалку пет дена во текот на годината следат специјализирана обука за правда за деца во земјата или во странство.[14] Сметаме дека професионалното образование, обуката на самото работно место, курсевите за освежување на знаењата и другите соодветни модалитети на проучување треба да бидат искористени за да се воспостави и одржи неопходната професионална стручност на сите кадри, кои работат на малолетнички предмети.[15] Да напоменеме дека судијата за деца, не се избира, туку се распоредува со годишниот распоред за работа, да работи во одделот за деца.[16] Судиите - поротници се избираат од редот на просветни работници, психолози, педагози, социјални работници и други лица кои имаат искуство во воспитанието и образованието на младите.[17] Во специјализираните судски оддели за правда за децата, формирани во основните судови со проширена надлежност, за вршење на стручни работи претседателот на судот определува по еден социјален работник, педагог или психолог по предлог на центарот. Но во законот отсуствуваат конкретни одредби за начинот на специјализирање. Дали секој семинар, организиран од било кој може да се квалификува како обука, или вакви обуки се можни само од страна на Министерството за правда, кое евентуално би давало соодветни сертификати, или пак можеби најправилното решение за ова да биде задолжена Академијата за судии и обвинители? Во српскиот закон за детска правда, постојат концизни одредби кој може да ги држи тие обуки и да издава *сертификат* за истите.[18] Самото декларирање на

---

[14] Член 101 од ЗПД;

[15] Ова е и предвидено со Пекиншки правила, Правило 22.

[16] Nanev, Lazar (2008) *Улогата на судијата за малолетници во системот на малолетничка правда.* Малолетничка правда - од идеја до практика, 1 (1). стр. 245-265.

[17] Член 102 од ЗПД

[18] Српското законодавство е поконцизно во овој дел, со што во чл.150 и чл.165 од Закон малолетника е определено дека специјализираноста се потврдува со сертификати од Правосудниот центар за обука и усовршување во соработка со ресорните министерства на Р.Србија како и со научните установи и стручните и професионални здрженија како и невладиниот сектор. Овој Центар организира посебни обуки и редовни стручни советувања како и проверки на знаењето на сите органи кои треба да бидат специјализирани во постапката односно судии, обвинители, адвокати, полицајци, ЦСР, но и вработените во установите за извршување на казнени санкции против малолетници. Сметаме дека ваквото

специјализираноста, без правилно менторирање на истата однапред е осудено на самообука и формализам.

*Предизивк број 9 – начелото на итност во однос со почитувањето на гарантираните права во постапката*. Во нашиот правен систем, детето на кое му се става на товар кривично дело има право на правично судење во разумен рок, пред независен и непристрасен суд основан со закон, со сите гаранции за правата што ги има обвинетиот во кривичната или прекршочната постапка според Законот за кривичната постапка, Законот за прекршоците и ЗПД. Постапката спрема деца е итна кога се работи за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело и по правило не може да трае подолго од една година од денот на приемот на предметот во судот до донесување на првостепена одлука, освен за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела за кои е утврдена казна затвор од најмалку четири години, кога постапката не може да трае подолго од една година и шест месеци, или кога се работи за дејствие што со закон е предвидено како прекршок не подолго од девет месеци. Оттука при примената на начелото на итност во никој случај не смее да се доведат во прашање основните права на детето во постапката.

*Предизвикот број 10* е на сметка на *стручноста и способноста на самиот Јавен обвинител* кој треба да одмери дали за конкретното кривично дело и конкретното дете сторител ќе поведи кривична постапка. Јавниот обвинител е субјект и странка во кривичната постапка која од името на државата дава иницијатива за започнување на кривично гонење за кривични дела сторени од дете. Особената и исклучителна примена на начелото на акузаторност во постапката спрема деца како и начелото на опортунитет, му дава широки овластувања на јавниот обвинител за да одлучи дали ќе поведе постапка против дете кое сторило кривично дело. Во оваа смисла, јавниот обвинител може да одлучи да не поведе постапка по пријавата за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело сторено од дете над 14 години, за кое е утврдена парична казна или казна затвор до три години. Согласно ова право, надлежниот Јавен обвинител нема да поведе постапка пред судот иако постојат докази дека детето го сторило дејствието што со закон е предвидено како кривично дело, доколку Јавниот обвинител смета дека не би било

концизно определување на обуките треба да биде пример и за нашето законодавство;

целесообразно да се води постапка со оглед на природата на дејствието што со закон е предвидено како кривично дело и на околностите под кои е сторено, на поранешниот живот на детето и на неговите лични својства, како и кога извршувањето на казната или на воспитната мерка е во тек. Јавниот обвинител може да одлучи и условно да го одложи поведувањето на постапката пред судот за време од шест месеци под услов во тој рок да не стори друго дејствие што со закон е предвидено како кривично дело и да ја надомести штетата или на друг начин да ги поправи штетните последици предизвикани со сторување на делото. Конечно, Јавниот обвинител може да одлучи и да не поведе постапка доколку врз основа на извештајот од центарот утврди дека е постигната спогодба меѓу детето и неговото семејство и оштетениот за враќање на имотната корист, надоместувањето на штетата или поправањето на штетните последици на делото. Но, јавниот обвинител не е бесконечно необврзан кога станува збор за горенаведените одлуки. Сепак тој е услов ваквата одлука да ја донесе само кога ќе оцени дека случајот е јасен, кога ги информирал детето и неговиот законски застапник за последиците од одлуката и кога за тоа постои согласност од детето и неговиот законски застапник, бранителот и оштетениот, по претходно прибавен извештај од центарот.[19] За кривични дела за кои се гони по предлог или приватна тужба, постапката може да се поведе ако оштетениот во рок од три месеци од сознавањето за стореното дело или сторителот, доставил предлог за поведување на постапка до надлежниот јавен обвинител. Сепак, и во случај на вакво кривично дело, за конечното поведување на постапката надлежен е јавниот обвинител.

*Предизвик бр.11 е самата подготвителната постапка* која во никој случај не смее да биде судење пред судење на детето. Подготвителната постапка преставува прв и задолжителен стадиум на кривичната постапка спрема дете. Целта на оваа постапка е да се утврдат фактите кои се однесуваат на кривичното дело и на личноста на детето. Во подготвителната постапка се превземаат кривично - правни дејствија слични на оние од редовната кривична постапка со одредени специфичности. Подготвителната постапка се поведува со акт на судот а не на Јавниот обвинител. Ако судијата го усвои барањето на Јавниот обвинител за поведување на подготвителна постапка, не донесува формално решение туку веднаш пристапува кон спроведувањето на подготвителната постапка. Со тоа е искучена можноста на право на

[19] Член 75 од ЗПД;

жалба на детето за поведувањето на подготвителната постапка спрема него, но тоа е веќе од причина што ја наметнува итноста на постапката и ослободувањето на постапката од претеран формализам, и ако судијата за деца не се согласи со барањето на Јавниот обвинител, ќе побара за тоа да одлучи кривичниот совет за деца на основниот суд. Подготвителната постапка спрема деца по правило се покренува на барање на Јавниот обвинител и се поднесува до Судијата за деца на надлежниот суд. Со одредбите од ЗПД, не е решено прашањето за содржината на барањето што Јавниот обвинител го поднесува до Судијата за деца на надлежниот суд заради иницирање на подготвителната постапка.

Подготвителната постапка опфраќа собирање на матерјали за одлуката и превземање мерки за заштита надзор и помош. Собирањето на матерјалите за одлуката опфаќа две области на факти и околности. Фактите кои се однесуваат на кривично дело се споменуваат како нешто воопшто познато а сите прашања се насочени за утврдување на факти и околности кои се однесуваат на личноста на детето. Поради тоа не треба да се заклучи дека утврдувањето на фактите кои се однесуваат на кривичното дело подразбирајќи ги тука и околностите во кои тоа е сторено и кривичната одговорност не е важно за подготвителната постапка. Најпрвин, утврдувањето на тие факти е значајно во онаа мера во која и кај полнолетните сторители но тоа прашање се утврдува со одредбите кои ја уредуваат постапката спрема полнолетни сторители и поголем број од нив се применуваат и во постапката спрема деца. Испитувањето на личноста на детето преставува важа задача во постапката спрема дете. Таа ги преминува рамките на социјалната анкета, но не преставува ни криминалистичка експертиза, односно потполно испитување на личноста од причини што за потполно испитување на личноста на детето потребно е покрај другото да се обезбеди преглед и мислење на лекар, педагог, психолог иако според одредбите на законот тоа се бара само кога е потребно за утврдување на здравствената состојба, душевната развиеност, психичките својства и околности на детето. Одредбата од чл. 113 ст. 4 од ЗПД е од факултативна природа но таа во практика се почесто се користи во сложени случаи па тешко поприма карактер на задолжителна одредба, каква и би требало да биде. Нејзината примена може да изостане само во оние случаи во кои постојат сосема доволно податоци за личноста на детето па и оние до кои се доаѓа со медицинско и психолошко испитување. Другите податоци судијата за деца не мора да ги собира во

пропишана процесна форма, туку и во форми што му изгледаат најповолни какви што се извештаите од установите и центрите и другите институции. Испитувањето на детето со помош на педагог или друго стручно лице, многу ретко се користи.

Право е на Јавниот обвинител да присуствува на дејствијата во подготвителната постапка, но неговото присуство не е задолжително.

При сослушувањето на детето во подготвителната постапка која се одвива според одредбите од ЗКП, му се соопштува кое дело му се става на товар и се повикува да ја изложи својата одбрана. Судијата за деца при испитувањето на дете, може да одобри на дејствијата во подготвителната постапка да присуствува претставник на Центарот и родителите, односно старателот и истите може да стават предлози и да му упатуваат прашање на лицето кое се испитува, односно сослушува. Судската практика нема единствено мислење за тоа дали при сослушувањето на детето судијата е должен да го предупреди дека не е должен да ја изнесува својата одбрана и да одговара на поставените прашања но оваа е особено значење за самото дете од причини што и водењето на самата судска постапка е токму во заштита на неговата личност како и во насока на обезбедување на мерки и помош и заштита на детето и во негов интерес е да се утврди фактичката состојба и околностите на делото а посебно неговата личност за судот да може да ја одбере вистинската мерка спрема детето. При испитувањето Судијата за деца, може да ја користи помошта на вешти лица, но на нив не може да им го довери сослушувањето. Исто така се поставува прашњето, дали Судијата за деца има обврска да детето го запознае со правата кои при сослушувањето ги има полнолетните обвинети лица. По едно становиште, Судијата за деца нема таква обврска од причини што судијата за деца, сам го определува начинот на изведувањето на одделни дејствија притоа водејќи сметка за правата на детето во постапката а особено за правото на одбрана, правото на оштетениот и собирањето на сите докази потребни за правилно одлучување, што значи дека самостојно одлучува за начинот на изведување на кривично - процесните дејствија. Поради тоа детето во формално правна смисла, нема статус на обвинет. Од тие причини, судијата за деца нема обврска да детето го поучи за правото на молчење. Меѓутоа, законодавецот посебно ја апростофира обврската на судот да му обезбеди право на одбрана на детето што подразбира остварување на ова право во полн опсег, вклучувајќи и право на детето да одбраната ја остварува со ускратување

на исказот. На овој начин се оправдува и специфичноста на кривичната постапка спрема деца.

Нареден предизвик е *предизвикот бр. 12 кој се однесува на постапувањето со детето со посебна процесна претпазливост и протективност во текот на целата постапка.* Спрема детето, треба да се постапува со посебна претпазливост, со цел водењето на постапката штетно да не се одрази на неговиот натамошен развој. Душевната развиеност и другите својства и состојби на детето, се утврдуваат со оглед на состојбите во времето на извршувањето на кривичното дело, но секако се утврдуваат и за време на водењето на постапката и донесувањето на одлуката. Потребно е што покомплексно да се знае за личноста на детето од причини што од тоа зависи која и каква мерка спрема него ќе се примени.

Заклучок:

Како што веќе наведовме, успехот во борбата против детското престапништво во голема мера зависи од адекватниот пристап на општеството кон оваа проблематика. Глобалните трендови во казнената политика свој одраз имаа и на полето на детското престапништво. Измената на законодавство е особен *предизвик*, со оглед на фактот дека во стручната јавност, постојат полемики дали донесувањето на комплетно нов закон е поправилно решение од дополнување и измена на стариот закон, но како што елабориравме во трудот, како попрактично решение се наметна и прифати целосна реформа на законот. Потребата од оваа нова кодификација ја вброивме како *предизвик број 1* на малолетничкиот казнен систем. Но сепак, на мислење сме дека правдата за децата е материја во која треба да се интервенира што помалку, затоа што правната сигурност за децата треба да е свето правило за законодавецот. Како *нареден предизвик* го рангиравме основниот елемент кој служи за разграничување на детското престапништво од останатиот вид на криминалитет, а тоа е возраста на сторителот на кривичното дело. Потоа *предизвик, број 3*, а тоа е *дефинирањето на поимот „дете“* каде што востановивме дека е нужна една измена која се однесува на категоријата *дете во ризик од 14 до 18 години* да биде преформулирана и поделена на две групи а тоа се: *дете во ризик од 14 до 16 и дете во ризик од 16 до 18 години* што се наметнува од потребата за индивидуализација на казната кога станува збор за дете сторител на полесно кривично дело. *Предизвикот број 4* е во *системот на санкции* кои се предвидени во самиот закон, и тоа не само во однос на видовите

на санкции туку во умешноста на судијата, како специјализиран судија за деца, да ја одреди и одмери најсоодветната санкција која што одговара на детето сторител. Нареден предизивик на самата постапка против деца е изнаоѓање на начини за превенирање на детското престапништво преку елиминирање на сите ризик фактори кои се јавуваат како причина за оддавањето на детето во престапништво наместо демонстрирањето на репресијата спрема деца на високо ниво и изразување на ретрибутивниот карактер на малолетничкото казнено право. Ова беше цел на и на претходниот закон, но во пракса се покажа како скоро неостварлива. Останува да видиме како ќе се рефлектира работата на локалните совети за превенција на детско престапништво, по нивното конечно формирање, во вистинско превенирање на детското престапништво. *Предизвикот број 6* во постапката се однесува на *начелата во истата*. Овој пат законодавецот сакајќи директно да пристапи кон децидно набројување на истите во почетокот на самиот законски текст, тоа го направил доста неуспешно, препуштајќи, некои од стожерните начела само да „наѕираат" на површина. Номотехнички, ова поглавје од законот не е доработено, бидејќи не сите начела се сместени во истото туку можат да се *препознаат* низ текстот, особено во делот кој се однесува за постапката. *Предизвик број 7 е имплементирање на компетентните законски измени од новиот ЗКП во ЗПД. Предизвик број 8 е специјализираноста на судот, јавниот обвинител, одбраната и овластените лица од МВР.* Сметаме дека професионалното образование, обуката на самото работно место, курсевите за освежување на знаењата и другите соодветни модалитети на проучување треба да бидат искористени за да се воспостави и одржи неопходната професионална стручност на сите кадри, кои работат на малолетнички предмети. Но во законот отсуствуваат конкретни одредби за начинот на специјализирање. Самото декларирање на специјализираноста, без правилно менторирање на истата однапред е осудено на самообука и формализам. *Предизивк број 9 – начелото на итност во однос со почитувањето на гарантираните права во постапката*, каде што заклучивме дека при примената на начелото на итност во никој случај не смее да се доведат во прашање основните права на детето во постапката. *Предизвикот број 10* е на сметка на *стручноста и способноста на самиот Јавен обвинител* кој треба да одмери дали за конкретното кривично дело и конкретното дете сторител ќе поведи кривична постапка. *Предизвик бр.11 е самата подготвителната постапка* која во никој случај не смее да биде судење пред судење на детето и конечно *предизвикот бр. 12* се

однесува на *постапувањето со детето со посебна процесна претпазливост и протективност во текот на целата постапка* која треба да ја помине формалната бариера и да се реализира во пракса како стожерно начело на самата постапка.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Koshevaliska, O., Nanev, L. (2014): Adequacy of the new terminology in the Law for justice for children, BSSR, Vol 3;

Nanev, Lazar (2008) *Улогата на судијата за малолетници во системот на малолетничка правда*. Малолетничка правда - од идеја до практика, 1 (1). стр. 245-265.

Recommendation No. R (87) 18 concerning the simplification of criminal justice;

Бужаровска, Г.(2011): Овластувањата на центрите за социјална работа и на јавниот обвинител во малолетничката правда, UDK 316.346.3-053.6 Pregledni znanstveni rad, Zbornik PFZ, 61, (2) 441-468 (2011), стр. 465;

Бужаровска, Г., Мисоски, Б. (2009): Спогодување и медијација, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 2/2009, стр. 215-261.

Закон за кривичната постапка Сл.Весник на Р.Македонија бр.150/2010;

Закон за Малолетничка правда, Службен весник на Република Македонија", бр. 87 од 12 јули 2007, закон вон сила;

Закон за правда за децата, Сл.Весник на РМ бр.148/2013;

Камбовски, В. (2006): Казнено право, општ дел, Академик, стр.443;

Кошевалиска, О. (2013): Малолетничкиот казнен систем во контекст на теоретските амбиции на медијацијата, Зборник на трудови во чест на Марјан Марјановски, Правен Факултет Јустинијан I, УКИМ, Скопје;

Сотироски, Љ., Ѓуркова, О. (2010). Медијацијата во кривичните предмети (македонско и светско искуство), 2-ри Август, Штип;

Стандардни минимални правила на ОН за малолетничкото правосудство од 1985 година (т.н.„Пекиншки правила")